Уп. бр. 08-169

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од НЛБ Склади, управување со средства, д.о.о. **(NLB Skladi, upravljanje premoženja, d.o.o.),** со регистрирано седиште на Тиволска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија, доставено преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 21..12.2023 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која НЛБ Склади, управување со средства, д.о.о. (NLB Skladi, upravljanje premoženja, d.o.o.), со регистрирано седиште на Тиволска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија има намера да стекне самостојна контрола директно над Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, 1000 Скопје, Северна Македонија, по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 5.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 27.11.2023 година, а дополнето на ден 28.11.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од НЛБ Склади, управување со средства, д.о.о. (NLB Skladi, upravljanje premoženja, d.o.o.), со регистрирано седиште на Тиволска цеста 48, 1000

Љубљана, Словенија со која НЛБ Склади, управување со средства, д.о.о. Љубљана, Словенија има намера да стекне самостојна контрола директно над Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, 1000 Скопје, Северна Македонија, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото и дополнувањето го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Регистрираната приоритетна дејност на НЛБ Склади е управување со финансиски фондови.

НЛБ Склади е дел од НЛБ Групата. НЛБ Групата е водечка банкарска и финансиска групација со седиште и ексклузивен стратешки интерес во својот матичен регион – Југоисточна Европа. Покрај НЛБ д.д., која е главен субјект во Словенија и јавно претпријатие, НЛБ Групата се состои од повеќе поврзани друштва: шест банки и неколку друштва за други финансиски и помошни услуги (управување со средства, лизинг, управување со недвижен имот итн.).

НЛБ Групата користи универзален модел на банкарство и ги поддржува своите клиенти преку услуги на мало, корпоративно и инвестициско банкарство.

Во Северна Македонија, НЛБ Групата има две регистрирани поврзани друштва:

(1) НЛБ Банка АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. Водњанска бр. 1, 1000 Скопје, Северна Македонија, со регистрираната приоритетна дејност 06.1 – банка ; и

(2) Друштво за лизинг НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО Скопје со регистрирано седиште на ул. Водњанска бр.1, 1000 Скопје, Северна Македонија, со регистрираната приоритетна дејност 64.91 – Финансиски лизинг и 77.11 Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на автомобили и моторни возила од лесна категорија.

Регистрираната приоритетна дејност на Генерали Инвестментс АД Скопје е 66.30 - Дејности на управување со фондови.

Генерали Инвестментс АД Скопје има дозвола издадена од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за работа на друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови согласно Законот за инвестициски фондови.

Генерали Инвестментс АД Скопје управува со четири (4) инвестициски фондови:

- Генерали Америка;
- Генерали БРИК;
- Генерали Кеш Депозит; и
- Генерали Топ Брендс.

Генерали Инвестментс АД Скопје, исто така, има дозвола од КХВ согласно Законот за инвестициски фондови за вршење на следните дејности: (i) работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент - сопственик на портфолио и (ii) работи на инвестиционо советување на клиенти.

Фондовите на Генерали Инвестментс АД Скопје инвестираат во различни класи на инвестиции како што се инструменти со фиксен приход, депозити, акции на глобални пазари во повеќе различни индустрии.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**